


# ВМРО-ДПМНЕ : Ковачевски бетер од Заев, тоа што не успеа да распродаде едниот со Бугарија, го продава другиот, таен договор на повидок?

Додека владата на Ковачевски молчи, бугарската страна слави за успех во преговорите во историската комисија.

Јавноста се уште нема никакви информации од македонската страна што е договорено во однос на Цар Самоил и македонската историја.

Освен штури соопштенија за некаква си позитивна атмосфера во преговорите, граѓаните не се информирани што е договорено во комисијата. Информации има само од Бугарија, од членови на комисијата, експерти и медиуми, а Ковачевски и Османи се кријат и молчат.

Ковачевски бетер од Заев, тоа што не успеа да распродаде едниот со Бугарија, го продава другиот, таен договор на повидок?

Нема одговор дали Ковачевски се откажал од јазикот и што е договорот за Цар Самоил и дали тоа е причина за радоста во Бугарија?

Македонската влада води нетранспарентни и задкулисни преговори, без да биде запознаена опозицијата, пратениците во Собранието и сите граѓани за деталите во овие преговори.

Ковачевски и Османи треба веднаш да соопштат за што точно се преговара и дали се

повторно се тргува со националните интереси.

***Националните предавства и порази на оваа ненародна власт треба веднаш да запрат.***